27.08.2025

До: Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини

**Забелешки и предлози на Предлог на Закон за геологија**
подготвени од О2 Иницијатива

Клучни празнини и ризици

**Јавно учество рано во постапката:** вообичаено јавната расправа доаѓа доцна (ако воопшто се бара) и не е услов за издавање дозвола за истражување.

**Заштитени подрачја и водозаштитни зони:** нема јасни „no-go“ зони за геолошки истражувања, ниту периметар околу реки/извори.

**BAT/забранети хемикалии:** не се бара употреба на најдобри достапни техники (BAT), ниту експлицитна забрана на жива/цијанид во било која пилот-фаза.

**Отворени податоци:** геолошките податоци често се „затворени“, што ја намалува транспарентноста и јавниот надзор.

**Рана обврска за управување со отпад/јаловина:** нема барање уште во истражната фаза да се достави нацрт-план за јаловина/отпад.

**Рециклирање и циркуларна економија:** Целосно отсуство на одредби за рециклирање, повторна употреба и циркуларна економија.

**Концесиски надоместоци и нивна распределба:** Нејасна методологија и неправедна распределба.

**Мониторинг и транспарентност:** Нема пропишано стандарди за мониторинг и пристап на јавност до податоците.

Предлози

**1) Јавно учество и локална согласност**

Нов член (Јавна расправа и локална согласност при истражување)

„(1) Пред издавање дозвола за геолошки истражувања, надлежниот орган задолжително организира јавна расправа во засегнатата општина.
(2) Се предвидува 60 дена период за јавни коментари.
(3) Најмалку две јавни средби во засегнатите општини .
(4) Се воспоставува онлајн платформа за граѓанско учество.
(5) Барањето за дозвола се одобрува само по добиено мислење на Советот на општината.
(6) Сите забелешки од јавната расправа се составен дел од одлуката и јавни документи.“

**2) Заштитени подрачја и води**

Нов член (Забрани и ограничувања за истражувања)
„(1) Геолошки истражувања се забранети во заштитени подрачја, Рамсар подрачја, Натура 2000, подрачја од меѓународно значење (Емералд, ЗПП, ЗПР), подрачја на светско наследство на УНЕСКО, коридори на биодиверзитет од национално значење, шуми постари од 100 години, подрачја со ендемски и загрозени видови, зони со висока хидрогеолошка чувствителност и водозаштитни зони.
(2) На растојание помало од 1 км од заштитени подрачја се применуваат заострени стандарди:
- Задолжителна употреба на најнови еколошки технологии
- Ограничена работа во периоди на размножување на животни
- Акустична заштита за намалување на бучавата
(3) Забранета е употреба на цијаниди и жива во сите истражни активности и пилот-тестирања.“

Нов член (Компензациски мерки за природата)
(1) За секој хектар нарушена природна средина, концесионерот е должен да обезбеди:
- Заштита на 3 хектари слична средина
- или финансирање на проекти за биодиверзитет во износ од 50.000 евра по хектар
(2) Компензациските мерки се спроведуваат пред започнувањето на истражувањата.

**3) Најдобри достапни техники (BAT)**

Нов член (Технологиски стандарди)
„(1) Сите истражувачки активности се вршат со BAT, со докази за минимизирање емисии, прашина и вода.
(2) Се забранува бушење со флуиди што содржат опасни супстанции над праговите утврдени со подзаконски акт.“

**4) Отворени податоци**

Нов член (Отворен геолошки регистар)
„(1) Се воспоставува јавен електронски геолошки регистар со просторни слоеви, дневници од бушотини, хемиски анализи и извештаи.

(2) Податоците се објавуваат во рок од 60 дена по завршување на истражувањата.“

**5) План за отпад/јаловина уште во истражна фаза**

Нов член (Пред-план за управување со отпад)
„(1) Барателот приложува пред-план за управување со јаловина и опасен отпад, со сценарија за суво складирање (dry-stack) и минимизација на отпад.
(2) Планот е услов за одобрение.“

**6) Рециклирање и циркуларна економија**

Нов член (Приоритет на рециклирањето)
Хиерархија на ресурси и приоритет на рециклирањето
(1) Пред доделување концесии за нови геолошки истражувања, надлежните органи ја оценуваат можноста за обезбедување на потребните суровини преку:
- Рециклирање од постоечки отпад
- Повторна употреба од затворени рудници
- Екстракција од рударски отпад (јаловина)
(2) Концесија се доделува само ако се докаже дека алтернативните извори не можат да ја покријат потребата на економски одржлив начин.
(3) Секој концесионер е должен да спроведува програма за рециклирање која опфаќа најмалку 15% од екстрактираните минерали.

**7) Концесиски надоместоци и нивна распределба**

Нов член (Прогресивен систем на концесиски надоместоци)
(1) Концесискиот надоместок се пресметува според формулата: КН = [(ПВ × БС × КЕ × КВ × КС) + АТ + ФЗ] × КП
Каде што:
ПВ = проценета пазарна вредност на ресурсот
БС = базна стапка (5-12% зависно од суровината)
КЕ = коефициент за еколошко влијание (1,5-3,0)
КВ = коефициент за водни ресурси (1,2-2,5)
КС = коефициент за социјално влијание (1,1-2,0)
АТ = надоместок за употреба на најнови технологии
ФЗ = фонд за заштита на природата
КП = коефициент за профитабилност
(2) Распределбата на надоместокот е: 60% - Локални заедници директно засегнати, 20% - Фонд за заштита на животната средина, 10% - Буџет на РСМ, 10% - Регионален развој.

**8) Мониторинг и транспарентност**

Нов член (Дигитален мониторинг)
Систем за реално време мониторинг
(1) Сите концесионери мора да воспостават систем за мониторинг во реално време кој го следи:
- Квалитетот на воздухот и водата

- Нивоата на бучава
- Сеизмичката активност
- Употребата на хемикалии

(2) Податоците се јавно достапни преку онлајн платформа во реално време.
(3) При надминување на дозволените вредности, работите автоматски се запираат до отстранување на проблемот.